Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

Агенција за поддршка на претприемништвото на
Република Северна Македонија Скопје
Agjencia për mbështetjen e ndërmarrësisë
Republikës së Maqedonisë së Veriut Shkup

Број / Numër 02-573/1
29.07. 2021 год./vit.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на заклучокот од 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 2 март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата, в.д. директорот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија донесе,

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

**Вовед**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија е самостоен орган на државна управа и е основана во 2003 година со Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14, 64/18 ).

Основна мисија на Агенцијата е развој на претприемништвото и малото стопанство во Република Северна Македонија преку реализација на приоритетни проекти кои ги отсликуваат вистинските подрачја на интервенција согласно искажаните реални потреби на малото стопанство и реализација на Годишните програми за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.Програмски активности на Агенцијата се:

- Реализација на Програмата за самовработување на Владата на Република Северна Македонија,
- Воспоставување и оддржување на база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на претприемништвото,
- Финансиска поддршка на МСП преку субвенционирано советување (ваучери),
- Реализација на програми од областа на едукацијата, тренингот, обуките и консултантски услуги за МСП секторот,
- Менторирање на мали и средни претпријатија,
- Прибирање, обработка и доставување на информации релевантни за МСП секторот,
- Организирање трибини, конференции и бизнис форуми,
- Спроведување програми за соработка со земјите од регионот и пошироко,
- Спроведување останати домашни развојни проекти,


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

- Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори.

**Цели**

Планот за спречување на корупција на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција:

• јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените во Агенцијата, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет,

• почитување на законските прописи на Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и на Кодексот за административни службеници,

•спроведување на надлежностите на Агенцијата на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин,

• проактивна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори,

• јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето,

• подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација за вработените и градење личен и професионален интегритет,

• зајакнување на довербата на граѓаните во институциите и мотивирање да пријават корупција.

**Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето**

Со Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија се утврдени областите каде најчесто постои ризик од појава на корупција:

- постапките за јавни набавки
- постапките за вработување
- финансиско управување и контрола
- непочитување на постапки, процедури и акти за етичко однесување


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

## 1.Постапки за вработување

Заради спречување на корупција и судир на интереси, при спроведување на постапките за вработување ќе се почитуваат следниве начела:

**-Начело на законитост**

Вработените во Агенцијата треба да ги вршат работите и работните задачи во согласност во Уставот, законите и другите прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

**-Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност**

Агенцијата во согласност со начелото на еднакви услови и еднаков пристап на сите заинтересирани кандидати, има обврска условите за пополнување на слободните работни места да ги огласува преку интерен, односно јавен оглас.

**-Начело на стручност и компетентност**

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

**-Начело на професионална етика непристрасност и објективност**

При извршувањето на работите и работните задачи, вработените треба да задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

**-Начело на спречување на судир на интереси**

Вработените не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси.

## 2.Постапки за јавни набавки

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапките за јавни набавки.

Системот за јавни набавки се темели врз **начелата на слободно движење на стоките, слобода за обезбедување на услуги и работи, како и начелата на економичност, ефикасност, ефективност, конкуренција меѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори и сразмерност**.Со цел да се заштити јавниот интерес и да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките за јавни набавки и правичен третман на


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на постапките за јавни набавки и засилен надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за јавни набавки и зголемување на ефикасноста во реализација на јавните набавки.

**3.Финансиско управување и контрола**

Системот на финансиско управување и контрола се однесува на внатрешните контроли вградени во работните процеси со цел да се спречат незаконски, неефикасни и неефективни одлуки и постапки.Стабилно финансиско управување и контрола е транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

Системот на финансиско управување и контрола се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа, а ги опфаќа сите средства на Агенцијата, вклучително и средствата доделени како донации во регионалните и меѓународните проекти во кои учествува Агенцијата.

Со воспоставување на квалитетен систем на финансиско управување и контрола се пропишува начинот на одвивање на работните процеси, се утврдува кој е одговорен за спроведување на поединечните активности во процесот и роковите во кои е потребно да се спроведат, како и преглед на контролите кои се воспоставени во одреден работен процес.

Системот на внатрешна контрола на финансиското работење го спроведува раководството, раководителите на сектори и сите вработени во Агенцијата.

**4.Непочитување на постапки и процедури и акти за етичко однесување**

Секој вработен/именувано лице треба да се стреми кон доследно почитување на Кодексот на административни службеници и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Секое непрофесионално однесување може да внесе сомнеж за компетентноста на институцијата.Воедно треба да се избегнува секаков можен конфликт на интереси со одбивање на подароци кои би можеле да имаат влијание врз интегритетот на вработените.


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

**Активности за спречување на корупцијата**

Мерките за спречување на корупција ќе бидат во насока на професионалноста и стручноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на секаква форма на корупција во Агенцијата и тоа:

-Почитување на Уставот и законите,

-Јакнење на интегритетот на вработените,

-Почитување на воведените процедури за работа во Агенцијата,

-Јакнење на контрола и надзор на јавните набавки,

-Јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на Агенцијата,

-Почитување на Кодексот на административни службеници и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија,

-Преземање на дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетички.

Заради јакнење на принципот на отчетност и транспарентност во работењето, раководното лице и вработените во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување на лична корист и имаат обврска да се спротивставуваат на секаква форма на корупција во рамките на Агенцијата.Во таа насока значајно е анализирање на ситуации кои може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службени работи и задачи и потребно е навремено и превентивно преземање на мерки за отстранување на можност за судир на интереси и корупција.

Само преку овие механизми Агенцијата може да обезбеди ефикасен и ефективен процес на следење и мониторинг, навремена детекција на недостатоци, минимизирање на потенцијалот за појава на судир на интереси и за примање подароци и обезбедување на начин на работење во кој се отсликува интегритет и професионализам на сите вработени во Агенцијата.

в.д.Директор
Шенаси Цељадини


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk